**Препораки за снимање и фотографирање во судница**

За потребите на новинарската работа, а со цел информирање на јавноста, претставниците на медиумите во судница може да ги користат следните уреди:

-Мобилен телефон

-Камера/фотоапарат

-Персонален компјутер/лап топ

-Таблет

-Диктафон

- други електронски уреди што снимаат, фотографираат и репродуцираат.

Во судница е забрането зборување на телефон. Телефонот и сите горенаведени електронски уреди може да се користат само за потребите на новинарската работа, но без звук, за да не се нарушува редот и мирот во судницата.

На медиумите им е дозволено да фотографираат и снимаат во судница со претходно добиено одобрение. Со оглед на динамиката на новинарската работа и начинот на информирање му се препорачува на Врховниот суд и на претседателите на судовите да одговараат и на барањата на медиумите кои пристигнуваат и во пократок рок.

Во согласност со јавниот интерес, судијата/судечкиот совет/претставник на Судот, определува место во судницата каде новинарите ќе го следат судењето и место во судницата каде ќе можат да се наместат снимателите/фоторепортерите со опремата за снимање за да направат аудио и видео снимки.

Препорачуваме на снимателите/новинарите да им се дозволи да влезат и да ја внесат опремата во судницата пред почетокот на судењето за да може да се наместат и да се подготват за кога ќе влезе судијата/судечкиот совет да почне рочиштето без одолговлекување.

Снимањето на рочиштето се прави од една фиксна позиција (назначена претходно). Не е дозволено движење на камерата низ судницата.

Инсерти (снимки од присутните во судницата) се прават на почетокот на рочиштето, при што е дозволено слободно движење на камерите. Се препорачува на судијата / судечкиот совет да овозможи најмалку 3 до 5 минути за да можат снимателите / новинарите да направат доволен број инсерти.

Судијата или друг вработен во судот ги координира снимателите и новинарите кога да почнат и кога да завршат со снимањето.

Се препорачува да се продолжи со досегашната пракса - воведните говори, завршните зборови и пресудите да се снимаат интегрално во согласност со јавниот интерес и интересот на медиумите.

Претставниците на медиумите ја вршат својата работа тивко и дискретно без нарушување на редот во судницата.